Grant Thornton

# Овластен Сметководител

## За нас

Грант Торнтон Северна Македонија е дел од глобалната мрежа на Грант Торнтон Интернационал составена од независни ревизорски, даночни и советодавни фирми, со преку 73.000 луѓе во над 149 земји во светот. Ние сме тим од независни професионалци кои го ставаат квалитетот, инклузијата и интегритетот на прво место. Низ целиот свет им носиме поинакво искуство на нашите клиенти и на нашите луѓе. Проактивни и агилни обезбедуваме експертиза што им е потребна на клиентите на начин што оди подалеку од нивните очекувања.

## Клучните одговорности на ова работно место вклучуваат:

- Обезбедување сметководствени услуги за клиенти
- Водење тимови од квалификувани и високо мотивирани сметководители
- Обезбедување поддршка на членовите на тимот во извршувањето на задачите

  - Евидентирање на влезни и излезни фактури
  - Евидентирање на денарски и девизни изводи
  - Подготовка на завршни сметки
  - Пресметка на даноци
  - Сложување и контрола на отворени салда
  - Евидентирање на плати
  - Евидентирање на патни налози
  - Подготовка на ДДВ пријави
  - Благајничко работење
  - Материјално сметководство

## Клучните барања за ова работно место се:

- Универзитетска диплома по сметководство / бизнис администрација / економија / финансиски менаџмент
- 4 до 8 години претходно професионално искуство ќе се смета за предност
- Поседување на соодветни уверенија и лиценци ќе се смета за предност
- Одлично владеење на MS Office и сродни компјутерски вештини
- Одлични вештини за анализа и известување

## За да бидете успешни во оваа улога, потребно е следново:

- Ефективна комуникација и вештини за градење односи
- Способност за развој и испорака на квалитетни услуги и решенија
- Исклучително висока работна етика
- Посветеност и ефикасност кога се во прашање роковите
- Мотивација за напредување и развој во кариерата

## Што можеме да ви понудиме?

- 🏋 Пријателска и динамична работна средина
- 💰 Конкурентна програма за бонуси и плати
- 👨‍🏫 Платени обуки и професионални квалификации
- 🧑‍💼 Обука и советување од високи професионалци
- 🏢 Модерни канцеларии, пијалоци, овошје и храна
- 🤝 Награди за лојалност на вработените
- 🌈 Разновидна и инклузивна култура
- 🏝 Дополнителни слободни денови
- 🏠 Флексибилен начин на работа
- 🧩 Иницијативи за корпоративна одговорност
- 😊 Афтерворк и социјални настани
- ☎ Поддршка и помош на вработените

## За подобра информираност, разбирање и следен чекор…

Ако сте замислиле кариера која оди подалеку од вообичаеното работење, тогаш сте на вистинското место. Ние чекориме подалеку за да им понудиме поинакво искуство на нашите луѓе, нашите клиенти и нашата заедница. Придружувањето на семејството на Грант Торнтон е лесно. Едноставно аплицирајте со испраќање на вашето ажурирано CV на careers@mk.gt.com, а останатото препуштете го на нас.

Сите апликации ќе се третираат со доверливост и само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг ќе бидат контактирани.

Grant Thornton Consulting DOO is a member firm of Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL and the member firms are not a worldwide partnership. GTIL and each member is a separate legal entity. Services are delivered by the member firms. GTIL does not provide services to clients. GTIL and its member firms are not agents of, and do not obligate, one another and are not liable for one another's acts or omissions.